Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Одделение за правни работи и управување со човечки ресурси
Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси

10.05.2021

**Архивски број:** 04-281/25

Врз основа на член 32 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РМ" број 20/20415, 192/2015 и 231/2015) и член 18 став 1 алинеја 17 од Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" („Службен весник на РМ" број 56/2015, 205/2018 и „Службен весник на РСМ" број 115/2019), а во врска со Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на РСМ" број 275/19 и 14/20), директорот на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев донесе

**О Д Л У К А**
**за избор за унапредување на административен службеник**

1. По интерниот оглас број 1/2021 за унапредување на административен службеник во Академијата за судии и јавни обвинители, објавен на веб страната на Академијата за судии и јавни обвинители и Агенцијата за администрација, од предложената ранг листа за работното место Советник за нормативно – правни работи и управување со човечки ресурси, Одделение за правни работи и управување човечки ресурси, Сектор за правни работи и управување човечки ресурси - 1 извршител, се избира следниот кандидат:

- Ана Милчевска.

2. Директорот на Академијата за судии и јавни обвинители во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На веб страната на Академијата за судии и јавни обвинители и Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на административен службеник во Академијата за судии и јавни обвинители на работното место Советник за нормативно – правни работи и управување со човечки ресурси, Одделение за правни работи и управување човечки ресурси, Сектор за правни работи и управување човечки ресурси - 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници во Академијата за судии и јавни


Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

обвинители, формирана со Решение бр. 04-281/11 од 8.3.2021 година, спроведе административна селекција и изготви Записник заведен под број 04-281/18 од 8.3.2021 година, по што комисијата спроведе интервју и за истото состави Записник заведен под број 04-281/19 од 8.3.2021 година.

Комисијата врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во Записникот заведен под број 04-281/19 од 8.3.2021 година, изготви предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат и истата ја достави до директорот на Академијата за судии и јавни обвинители.

Согласно со член 52 став 1 од Законот за административни службеници „Во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор".

Согласно со член 52 став 6 од истиот закон „Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник".

Имајќи го во вид горенаведениот член, директорот на Академијата за судии и јавни обвинители одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалбадо Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот;
- персоналното досие;
- Архива на Академијата.

**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**
**Директор**
**Проф. Д-р Наташа Габер Дамјановска**

Подготвил: Ана Милчевска
Предал: Давид Панов
Прегледал: Сања Пандилов


Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk